РЕЦЕНЗИЈА

за поетскиот ракопис *„Простори“* од Антонио Митриќески

# ЗА КООРДИНАТИТЕ НА ЧОВЕЧНОСТА ВО ИНТИМНИТЕ И СВЕТСКИТЕ ПРОСТОРИ

Доволно е асоцијативно да се спомнат насловите на трите долгометражни играни филма „Преку езерото“, „Како лош сон“ и „Деца на сонцето“ за да може поезијата со која, како со свилен гајтан, се опточени филмските кадри да даде издашна гаранција за восхит од поетската естетика на најновото книжевно чедо на познатиот и признат во македонската и меѓународната културна јавност филмски режисер, сценарист и поет Антонио Митриќески. Сепак, придржувајќи се на редот на нештата, ќе направиме една блиц слика на неговата најнова поетска збирка во ракопис, достатна колку што е доволен моментот за да ѝ се наѕре убавината на пеперугата во летот.

Збирката поезија *Простори* е четврто по ред книжевно-уметничко дело на поетот-режисер и е своевидно продолжение на претходните три негови успешни книжевно-уметнички објави - стихозбирките „Патување“ (2006), „Траги“ (2009) и „Бесконечности“ (20?). Исто така, Митриќески е автор и на научната книга во два дела „Филмот како уметност – од идеја до сценарио“ (2021/2023).

Личната комбинација на авторот како комплексна личност во која се вкрстуваат поетот, писателот, режисерот, сценаристот, професорот, истражувачот, историчарот, филозофот, есеистот, филмскиот теоретичар и филмскиот критичар се одразила и врз интертекстуалноста и интермедијалноста на неговото творештво и свеста за нивното значење како естетски одредници. Па така, и оваа книга, како и претходните три збирки поезија, е богато, напластено, слоевито и пред сè хибридно уметничко творење во кое лириката е во постојан дискурзивен дијалог со сродните книжевни и вонкнижевни текстови и искуства како што се: дневникот, мемоарите, автобиографијата, биографијата, исповедта, заветот, молитвата, тажачката, но исто така и со интермедијални цитати и евокации на филмот, музиката, ликовната уметност, како и со вонестетски цитати или таканаречените „текстови на животот“ (термин од класификацијата на цитатноста од Дубравка Ораиќ-Толиќ). Овој ракопис го манифестира и афирмира метонимиското поетско писмо што се согледува во наративноста на исказот, обилноста на описите и метричката и версификациска слобода. „Простори“ е книжевно уметничка игра која ги проширува просторите на поезијата бришејќи ги границите меѓу лириката, епиката, дневникот и драмската напнатост, танцувајќи по тенката меѓужанровска линија. Исто толку колку што се раскошни нејзините лирски обележја: моќната емотивност, силното чувствено, сетилно, визуелно и длабокото ментално рамниште, сознајноста, оваа поезија за своја доминанта го има и дневничко-автобиографскиот карактер (речиси секоја песна ја носи и ознаката на денот, месецот, годината, а честопати и местото каде е создадена, има и посвети на конкретни личности од приватниот живот на авторот), а тонот пулсира и вибрира од високо поетски и уметнички до интимен, топол, исповеден, конфесионален и секојдневен. Би можеле да спомнеме одредници како лирски дневник/ дневничка лирика, поетски дневник, дневничка поезија, или како што најдобро самиот Митриќески автопоетски се искажува преку автореференцијалниот стих-коментар во песната „Поезија и природа“ неговото творештво е „дневник во поезија, поезија и природа.“

На тематски план, збирката ги фокусира суштинските хуманистички и филозофски теми: смислата на постоењето, човекувањето, местото на човекот во

светот и односот меѓу Јас и светот. Со голема храброст и искреност се преиспитува сопственото Јас, личната совест, морал, доблест, личните силни и слаби страни, како и оние на релациите меѓу Јас и другите. Лирскиот субјект постојано набљудува и надвор и внатре во себе. Гледајќи го празниот стан, терасата, дворот, видикот од вториот кат, градот, улиците и маглата, реката и местата на игрите од детството и младоста, езерото, ѕвездите, месечината, тој е запрашан за своето место во светот и за светот во себе. Понекогаш му се чини дека луѓето се „многу далеку едни од други, како ѕвезди одалечени, кои од далеку изгледаат блиску...!“ („Чардак“).

Насловот на збирката е произлезен од истражувањето на персоналните, индивидуалните, интимните простори од една страна, но и на општочовечките, историските, националните, светските, космичките и универзалните простори од друга страна. Кои се тие многубројни, разнообразни простори на љубопитството и „потребите да се видиме себеси“ („Непознати лица“) кои вечно запрашаниот дух на лирскиот субјект ги открива во песните, една по една? Тоа се просторите на ониричното и недопирливите нешта чиј посебен јазик и пораки се предизвик за одгатнување на лирското јас („Ониричен простор“, „Сон“...); тоа се простори на бегства од материјалноста и порочноста кон вертикалите на духовноста и високиот морал, кон слободата „сproти ветровите“, кон исконското, кон природата „во шумите“ каде се согледува и напушта болката („Бегства“).

Некогаш тоа се темни простори: психолошки длабочини во кои се стекнуваат болни увиди и за најблиските и за непознатите лица покрај нас како отфрлувачи, игноранти, прикриени, рамнодушни („Непознати лица“, „Разговор со вампирот“), „вечно празни простори“ во кои „никој не ги крева скршените стакла“ од чашата на подот („Да тргнеме 2“), простори на неодговорени прашања и негативни приказни („Прашање“), простори во кои се вади маската од своето лице („Маска“), простори на напуштањето („Ништо не се случува и нема да се случува засекогаш“, простори на осакатени вистини („Ладен дожд“), простори на исчезнување („Чардак“), искасапениот простор на родната земја („Смртта на вечноста“), планетата Земја како простор уништуван од дехуманизираниот човек („Деволуција“), простори во кои се патува покрај шепотот на Црната птица: „Моралот умира, совеста се распаѓа во барањето на слободата..! Декаденција и завист. Корупција како молец кој го разјадува џемперот. Ефтини интелектуалци по затвори...“ („Црна птица“).

Но, лирското Јас не ја губи надежта. Понекогаш, во рамките на една песна, темниот простор се осветлува постепено, преку прекрасно извиена градација до кулминативното и врвно спознание за љубовта, за тоа дека сѐ уште има и такви кои „знаат и сакаат да дадат љубов“ („Непознати лица“) или пак со слики контрастни на распаѓањето, слики за „нешто внатре во космосот (кое) има свест, сака да има живот...“ („Деволуција“), а неретко цели песни се во светлото кое лирскиот субјект на оваа рефлексивна и саморефлексивна поезија вешто го пронаоѓа и во интимните и во координатите на светот. Тоа се просторите еквивалентни на езерското синило и чистота, на сончевата светлина и топлина, тоа се просторите на хуманото, човечкото, достоинственото, тоа се светите простори на добрината, љубовта, простувањето, разбирањето, на одењето напред во подобар, почовечен и со тоа посреќен човек и облагородено, вистински очовечено човекување. Таков светол простор најпрво е семејството, универзалната љубов, внатрешното себе и духовното: семејните корени, сеќавањата за детството, спомените за мајката и таткото, разговорите со братот, магистрирањето на ќерката, запомнетите мудрости на бабата и фамилијарните уверувања пренесувани од генерација на генерација, многубројните топоними Сарај, Треска, Скопје, Велестово, Магаро, Галичица, манастирот „Св. Наум“... се втори имиња за рајската градина и ветувања за опстој покрај незапирливиот тек на времето

(„Усните шепотат“, „Вишново дрво“, „Рајска градина“, „Будење“, „Река“, „Куќата во Велестово“, „Пехар“, „Сарај“, „Ехо“, „Сѐ до крајот на времето“... ); потоа светол и топол е просторот на меѓупартнерската љубов и саканата жена („Ониричен простор“, „Да тргнеме“, „Една жена“, „Штурче“, „Песничка“, „Освојувач“...) и најсветол просторот на творењето како најдобра самосвесна алатка за ставање ред во хаосот и ред во својата душа. Се потврдува како вистина, мислата искажана во разговорот на браќата од песната „Усните шепотат“ за канализирањето на доживеаната болка низ креацијата: „Нема болка додека твориме.“ Создавањето и уметноста се единствената победа над заканувачката смрт и заборавот. „Ќе остане само вечноста на зборот, невидлив, / напишан на рушевините“ („Зборот“, „Усните шепотат“, „Езеро и копно“, „Афирмации“, „Поезија и природа“...)

Оваа поезија по мотивите кои ги опфаќа е и актуелна, ововремена, современа, но истовремено и безвременска, универзална. Човечна, искрена и топла, таа допира и отвора, па на читателот во созвучје со лирскиот субјект му се „спушта умот во срцето“ („Штурче“).

На рамништето на јазикот и стилот, покрај убавината во едноставното, чистината, јасноста, уште еден моќен адут на овој поетски ракопис е евидентното присуство на синтагми и лексеми од различни говорни регистри кои евоцираат разновидни општествени, историски и културни контексти: архаизми, дијалектизми, фамилијаризми, филозофски сентенци, пароли, жаргонизми, вокабулар од психолошката наука, црковна лексика... (емотивни манипулатори, енергетски вампир, афирмации, идентитет, амбиција, потсвесното, хемикалии, машини, техника, колуар, осмех, покрети, таласи, лажов, аура, еликсир, вдахновение, прозрачност, угодат, смирение, демони, двојник, омагиени, грешници, вечни души, космички прстени, монумент, крвопијо, „сѐ тече, сѐ се менува“, „бесмртноста бара жртви“...)

И покрај тоа што ракописот комуницира со повеќе филозофски размисли, (цитирана е мислата на античкиот филозоф Хераклит од Ефес, а низ стиховите се евоцира и кинескиот филозоф на таоизмот Чуанг Це кој се прашувал дали е Чуанг Це што сонува дека е пеперутка или е пеперутка која сонува дека е Чуанг Це, а за разлика од него, лирскиот субјект во „Простори“ верува дека личностите кои ги сонува и самите го сонуваат него „Најверојатно, и тие ме сонуваа мене како одам по еден пат“ („Сон“)), сепак на филозофско и тематско-идеен план, поетското Јас на Антонио Митриќески доминантно, ревносно и оптимистички ја продолжува мисијата на филозофот Диоген кој пред дваесет и три века со фенер во раката среде бел ден на полниот плоштад во Атина барал човек. Иако, човекот го има во светлите простори мапирани во ова писмо, потрагата по човечноста, како и пишувањето, продолжува.

На крајот, меѓу мноштвото морални поуки кои влијаат на читателот и го менуваат, ќе ја потенцираме „лекцијата“ за благодарноста. Афирмациите како „Јас сум успешен“, „Имам прекрасен нов филм“, „Мир, ми стигнуваат пари“... сами по себе не помагаат, ако не се прифати постојното и не се биде веќе среќен со тоа што се има, благодарен за тоа што веќе се има. И токму затоа, афирмациите од истоимената песна градираат кон врвот во крајниот стих, а тој врв и во овој стих, и во оваа поезија, и во човечката природа и животот е благодарноста:

„ ...дали направив доволно?
Ги прифаќам и другите какви што се...
Благодарен сум на езерото во мене!“

Прилеп, 23.10. 2023 година Рецензент: Габриела Стојаноска- Станоеска